ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
бр. 13-62/3
21.04.2026 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 4 од Договорот за користење на риби и други водни организми за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Стрежево“, од риболовното подрачје „Стрежево“, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ЈП „Стрежево“ – Битола, како корисник (бр. 33-7128/1 од 26.05.2025 година), а во согласност со Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на РМ” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 115/15, 193/15, 39/16, 83/18,150/21 и 64/24) и Риболовната основа за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовно подрачје риболовна вода: “Стрежево” (“Службен весник на РМ” број 33 од 14 февруари 2025 година), се донесува следната

# ОДЛУКА

**за воведување привремени мерки за заштита и користење на рибниот фонд во акумулација „Стрежево“**
**(за периодот од 25 април до 15 јуни 2026 година)**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат привремени мерки за заштита и одржливо користење на рибниот фонд во акумулација „Стрежево“.

**Член 2**

Во периодот од 25 април до 15 јуни 2026 година се забранува лов на крап (Cyprinus carpio, Linnaeus 1758) и клен( Leuciscus cephalus, Karaman 1928), а за сом (Silurus glanis, Linnaeus 1758) забраната важи во периодот од 15.04.2026 до 15.06.2026 година.

**Член 3**

Забранет е лов на риба со пловно средство (чамец) во периодот од 25.04-15.06.2026 година.

**Член 4**

Риболовот е дозволен од брег исклучиво со употреба на една риболовна трска со една јадица на тапа.

**Член 5**

Ловот на сите други видови риби е дозволен во вкупни количини до 3 (три) килограми дневно по риболовец.

**Член 6**

Мерките се однесуваат за периодот од 25 април (сабота) до 15 јуни (понеделник). Корисникот на риби го задржува правото да го продолжи мрестот на рибите од член 2 доколку има потреба.

**Член 7**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето и ќе се применува во наведениот период.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со донесувањето на оваа одлука се воведуваат привремени мерки со цел заштита на рибите и другите водни организми во акумулација „Стрежево“ во периодот на природен мрест, кога рибите се најосетливи и подложни на незаконит и прекумерен улов.

Забраната за лов на крап (Cyprinus carpio), клен (Squalius cephalus) и сом (Silurus glanis) е утврдена согласно нивните биолошки карактеристики и периодот на мрестење, со цел да се обезбеди успешно природно размножување и одржување на популациите.

Ограничувањето на риболовот со користење на една риболовна трска со една јадица на тапа, како и забраната за риболов со пловни средства (чамци), има за цел да го намали притисокот врз рибниот фонд и да спречи прекумерен и неконтролиран улов.

Дозволениот улов на останатите видови риби до 3 килограми дневно по риболовец е во функција на одржливо користење на ресурсот, спречување на злоупотреби и зачувување на природната рамнотежа во акумулацијата.

Со можноста корисникот на риби да го продолжи периодот на мрест доколку има потреба, се овозможува флексибилно управување со рибниот фонд, во зависност од реалните услови на терен (температура на вода, хидролошки услови и сл.).

Дополнително, мерките придонесуваат за правилно управување со водниот ресурс, одржување на екосистемот и зачувување на биолошката разновидност во акумулацијата.

Овие мерки се во насока на долгорочна заштита, обновување и унапредување на рибниот фонд, како и обезбедување квалитетен и одржлив рекреативен риболов. Латинските синоними на видовите рибите се по номенклатура на Kottelat и Freyhof од 2007 година.

подготвил
Александар Вангеловски

директор
Вера Бешлиевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“ Битола